# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА НЕГОТИНО
## Службен гласник бр. 10 / 2021
## 29.04.2021 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14, 13/20 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Решение за давање согласност на Измената на Годишниот план за вработување за 2021 година на општина Неготино**

Се објавува **Решение за давање согласност на Измената на Годишниот план за вработување за 2021 година на општина Неготино,** што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 29.04.2021година.

Бр.09-307/1
29.04.2021 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на член 20-б став 2 точка 15 од Законот вработените во јавниот сектор („ Сл.весник на РМ“ бр.198/19) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино“ бр. 3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 29.04.2021 година го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За давање на согласност на Измената на Годишниот план за вработување за 2021 година на Општина Неготино**

Член 1

СЕ ДАВА согласност на Измената на Годишниот план за вработување за 2021 година на општина Неготино со бр . 04- 300/1 од 27.04.2021 година .

Член 2

Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во „ Службен гласник на општина Неготино„.

бр.08-299/3
29.04.2021 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Диме Витанов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14, 13/20 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Заклучок за продолжување на Стратегија за Локален економски развој на општина Неготино**

Се објавува **Заклучок за продолжување на Стратегија за Локален економски развој на општина Неготино,** што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 29.04.2021 година.

Бр.09-307/2
16.04.2021 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02) и член 79 став 1 точка 50 од Статутот на општина Неготино („ Сл.гласник на општина Неготино„ бр.3/06, 2.201, 9/2011 и 16/12, 13/20), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 29.04.2021 година го усвои следниот

**З А К Л У Ч О К**

1. Советот на општина Неготино го продолжува времетраењето на Стратегијата за локален економски развој на општина Неготино бр. 07-359/3 од 30.10.2014 година , до донесување на нова Стратегија за локален економски развој на општина Неготино .
2. Овој заклучок влегува во сила со денот на објавување во „ Службен гласник на општина Неготино„.

бр.08-299/4
29.04.2021 година

**Совет на општина Неготино**
**Претседател,**
**Диме Витанов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14, 13/20 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлука за регулирање на начинот на плаќање на водата од паралелниот систем во Неготино за 2021**

Се објавува **Одлука за регулирање на начинот на плаќање на водата од паралелниот систем во Неготино за 2021,** што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 29.04.2021 година.

Бр.09-307/3
29.04.2021 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ,,бр.5/2002 ) и член 79 став 1 точка 26 од Статутот на Општина Неготино (,,Сл.гласник на Општина Неготино,,бр.3/06, 2/11 и 6/11,13/20 ), Советот на Општина Неготино на седницата одржана на 29.04.2021 година донесе

**О Д Л У К А**

**За регулирање на начинот на плаќање на водата од паралелниот систем во Неготино за 2021 година**

**Член 1**

СЕ ЗАДОЛЖУВА ЈКП КОМУНАЛЕЦ Неготино да склучи договор со Водостопанство ТИКВЕШ Кавадарци за користење на вода од хидросистемот „Тиквеш“ во текот на 2021 година во количина од 450.000 метри$^3$ .

**Член 2**

ЈКП КОМУНАЛЕЦ Неготино на корисниците од паралелниот систем (правни и физички лица) да им испорачува сметки/фактури за дворни површини, почнувајќи од месец април заклучно со масец декември 2021 година.

За полевањето на површините со јавно зеленило во површина од 124.834 м$^2$, ЈКП КОМУНАЛЕЦ како давател на услугите да и фактурира на општина Неготино во периодот од април до октомври 2021 година.. ЈКП КОМУНАЛЕЦ е должно парични средства уплатени за оваа намена од општина Неготино да ги користи само за плаќање на обврските спрема Водостопанство ТИКВЕШ Кавадарци за користење на вода од паралелниот систем во текот на 2021 година.

**Член 3**

Со оваа одлука престанува да важи Одлуката бр. 08-237/10 од 05.04.2021 година.

**Член 4**

Ова одлука стапува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Неготино,,.

бр.08-299/5
29.04.2021 година

**Совет на Општина Неготино**
**Претседател**
**Диме Витанов с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12 и 16/14, 13/20 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За објавување на Одлука за сопствено учество на општина Неготино во Проектот за развој на селата преку Програмата за рамномерен регионален развој за 2021 година**

Се објавува **Одлука за сопствено учество на општина Неготино во Проектот за развој на селата преку Програмата за рамномерен регионален развој за 2021 година,** што Советот на општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден 29.04.2021 година.

Бр.09-307/4
29.04.2021 година

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Неготино**
**Тони Делков с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл. Весник на РМ” бр.5/02) и член 79, став 1, точка 50 од Статутот на општина Неготино (“Сл. Гласник на Општина Неготино” бр. 3/06,2/11,9/11 и 16/12, 13/20 ), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден 29.04.2021 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за сопствено учество на општина Неготино во Проект за развој на селата преку Програмата за рамномерен регионален развој за 2021 година**

**Член 1**

Советот на општина Неготино дава согласност за аплицирање со предлог Проект за развој на селата преку Програмата за рамномерен регионален развој за 2021 со индикативно планирани средства за 2022 година (Програмата за изменување и дополнување "Службен весник на Република Северна Македонија" број 84/2021) и за сопствено учество во истата врз основа на Јавен повик на Министерството за локална самоуправа,Биро за регионален развој ,објавен во Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 84/2021.

**Член 2**

Вредноста на предлог проектот изнесува **784.432,оо денари** со ДДВ.

**Член 3**

Советот на општина Неготино се согласува дека општина Неготино има обезбедено 50% од потребните средства за ко-финансирање во висина од **392.216,оо денари** кои ќе бидат искористени за реализирање на предлог проектот,,*Набавка и поставување на нова урбана опрема, детски реквизити , автобуска постојка и изведба на патеки во паркова површина во с.Тремник, Неготино,,.* Средствата за кофинасирање се обезбедени во буџетот на општина Неготино за 2021 година,Програма за Комунални дејности и уредување на градежно земјиште на просторот на општина Неготино за 2021 година,Под-Програма ЈН Урбана Опрема –Капитални трошоци..

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот објавувањето во Службен гласник на општина Неготино.
бр.08-299/6
29.04.2021 година

**СОВЕТ НА ОПШТИНА НЕГОТИНО**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Диме Витанов с.р.**

## СОДРЖИНА
## СЛУЖБЕН ГЛАСНИК 10/2021


1. **Заклучок за објавување на Решение за давање согласност на Измената на Годишниот план за вработување за 2021 година на општина Неготино**
2. **Решение за давање согласност на Измената на Годишниот план за вработување за 2021 година на општина Неготино**
3. **Заклучок за објавување на Заклучок за продолжување на Стратегијата за Локален економски развој на општина Неготино**
4. **Заклучок за продолжување на Стратегијата за Локален економски развој на општина Неготино**
5. **Заклучок за објавување на Одлука за регулирање на начинот на плаќање на водата од паралелниот систем во Неготино за 2021 година**
6. **Одлука за регулирање на начинот на плаќање на водата од паралелниот систем во Неготино за 2021 година**
7. **Заклучок за објавување на Одлука за сопствено учество на општина Неготино во Проектот за развој на селата преку Програмата за рамномерен регионален развој за 2021 година**
8. **Одлука за сопствено учество на општина Неготино во Проектот за развој на селата преку Програмата за рамномерен регионален развој за 2021 година**